**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

# З А П И С Н И К

од Деветнаесеттата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 26 и 27.3.2020 година

Скопје, март 2020 година

# З А П И С Н И К
од Деветнаесеттата (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 26 и 27.3.2020 година

Дописната седница започна на 26.3.2020 година во 11:00 часот, на веб-локацијата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk.

На 19. (дописна) седница учествуваа: претседателката на Советот, Фани Каранфилова-Пановска од Фондацијата Отворено општество Македонија Скопје; заменичката на претседателката на Советот, Гордана Гапиќ-Димитровска, Министерство за информатичко општество и администрација; и членовите на Советот: Јасминка Ангелова, Министерство за внатрешни работи; Софија Кузмановска, Министерство за економија; Ана Петровска, Министерство за здравство; Душан Томшиќ, Министерство за труд и социјална политика; Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа; Сашо Секуловски, Министерство за животна средина и просторно планирање; Христина Конеска-Бероска, Секретаријат за европски прашања; Атула Касуми, Министерство за политички систем и односи помеѓу заедниците; Томислав Андоновски, Агенција за млади и спорт; Сабина Факиќ, Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК Скопје;Уранија Пировска, Здружение Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија Скопје; Александар Николов, Асоцијација за развојни иницијативи – ЗЕНИТ Скопје; Теодора Столевска, Здружение на граѓани Младински образовен форум Скопје; Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп; Марио Јанчев, Здружение на граѓани СОС Детско село Македонија Скопје; Наташа Бошкова, Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје; Ирена Цветковиќ, Здружение за унапредување на родовата еднаквост Акција Здруженска Скопје; Елизабета Божиноска, Здружение на граѓани Х.Е.Р.А. Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје; Лилјана Јоноски, Здружение Рурална коалиција Куманово; Јане Чаловски, Јадро Асоцијација на независната културна сцена Скопје; Снежана Трпевска, Здружение на новинарите на Македонија Скопје; Ана Чоловиќ-Лешоска, Здружение Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест Скопје и Силвија Митевска, Здружение за унапредување на меѓусебна доверба Такт Скопје.

Во текот на гласањето по точките од дневниот ред не учествуваа: Валентина Шаурек, Министерство за правда; Никица Бачовски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Сафет Незири, Министерство за образование и наука.

*

*  *

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

- Усвојување на Записникот од 18. (дописна) седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 10.12.2019 година

1. Извештај за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година

2. Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2019 година

3. Записник од спроведениот консултативен процес со здруженијата и фондациите од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по текстот на „Анализата на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017г. до првата половина на 2019г.) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ проектите во РСМ“

4. Тематски приоритети на грантисти на Цивика мобилитас (по Платформи за соработка) (за информирање/на барање на Министерството за труд и социјална политика)

*

*     *

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 25 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од 18. (дописна) седница на Советот, одржана на 10.12.2019 година.

**<u>Точка 1</u>**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 25 гласа „за“ и ниту еден глас „против“, го усвои Извештајот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во 2019 година.

**<u>Точка 2</u>**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 25 гласа „за“, од кои 15 гласа на членовите од редот на граѓанските организации и ниту еден глас „против“, утврди позитивно мислење по Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2019 година.

**<u>Точка 3</u>**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со 25 гласа „за“, од кои 15 гласа на членовите од редот на граѓанските организации и ниту еден глас „против“, го усвои Записникот од спроведениот консултативен процес со здруженијата и фондациите од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор по текстот на „Анализата на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од

Буџетот на Република Северна Македонија (од 2017г. до првата половина на 2019г.) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог-модел на Фонд за институционална поддршка на граѓанските организации и ко-финансирање на ЕУ проектите во РСМ“.

**Точка 4**

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор се информираше со Тематските приоритети на грантисти на Цивика мобилитас (по Платформи за соработка), на предлог на Министерството за труд и социјална политика.

Дописната седница заврши на 27.3.2020 година во 11:00 часот.

Претседателка на Советот за соработка со
и развој на граѓанскиот сектор
Фани Каранфилова-Пановска

Подготвила: Загорка Видоевска
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска